Трајче Нацев
Драган Веселинов
Институт за историја и археологија
Универзитет Гоце Делчев Штип

ПОТЕНЦИЈАЛНИ РИЗИЦИ И ОПАСНОСТИ ВРЗ АРХЕОЛОШКИТЕ ЛОКАЛИТЕТИ ВО ГОРНИОТ ТЕК НА РЕКА БРЕГАЛНИЦА

Археолошките локалитети имаат голема културно-историска вредност бидејќи со нив се врши историската поврзаност, идентификација и достигнување на една цивилизација. Поради ова денешните општества преку разни механизми се обидуваат да ги заштитат од разни видови на опасности и загрозувања.

Преку разни правни и нормативни акти се одредуваат целите и задачите во областа на заштитата на археолошките локалитети. Во суштина ова подразбира поголем спектар на мерки и активности меѓу кои и заштитата од елементарни непогоди.

Република Македонија за остварување на ефикасна заштита од елементарни непогоди исто така има предвидени превентивни мерки и мерки на противдејство чија цел е да се намалат и отстранат штетните последици врз археолошките локалитети во случај на појава од истите.[1] Всушност заштитата од елементарни непогоди врз овој тип на материјално добро покрај државните субјекти од областа на културата ја вршат и оние од делот на заштитата и спасувањето и управувањето со кризи. Преку утврдени мерки и активности во делот на превенцијата и справувањето со ризиците и опасностите субјектите од системите за заштита и спасување и управување со кризи имаат удел во зачувувањето на археолошките локалитети.[2] Надлежните субјекти

[1] Види пошироко во член 106-110 од Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија “ број 20/04)
[2] Закон за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија “ број 36/04) и Закон за управување со кризи („Службен весник на Република Македонија “ број 29/05)

меѓусебно соработуваат, изработуваат акциони планови за превенција, планови за безбедност, проценки за загорзеност, ги одредуваат насоките и мерките за заштита и спасување на археолошките наоѓалишта се со цел за поефикасно справување со ризиците и опасностите.

Најчести видови на елементарни непогоди кои со неконтролирани сили би ги загрозиле археолошките локалитети се поплавите, лизгањето на земјиште, земјотресот и пожарите.

Горниот тек на река Брегалница поминува низ Малешевската област (општините Берово и Пехчево), Пијанечка област (општините Делчево и Македонска Каменица) и Виничка област (општина Виница). Во овие три области досега се евидентирани 318 археолошки локалитети од железно време, римско време, доцноантичко време и среден век.[3] Сите овие наоѓалишта во зависност од нивната положба како и географските карактеристики на околината во која се наоѓаат се подложени на потенцијални ризици и опасности од претходно наведените елементарни непогоди. За соодветна заштита на истите неопходно е утврдување на видот на елементарната непогода која би ги загрозила археолошките локалитети. Така ќе се овозможи превземање на соодветни мерки во делот на превенцијата и справувањето со ризиците и опасностите односно поефикасна заштита и спасување на овие материјални добра.

Малешевската област која административно и припаѓа на општините Берово и Пехчево се наоѓа на крајниот исток на Република Македонија во горниот тек на река Брегалница. На исток оваа област е заградена природно со планините Влаина и источните венци на Малешевските Планини, од јужната страна е одделена од Струмичката Котлина со планината Огражден, на југозапад со планината Готен, на запад со Грамадиче, Струмички Рид и Обозна додека на север од Малешево се наоѓа областа Пијанец. Малешевската Котлина како дел од областа Малешево зафаќа повцршина од 807 км² кој на исток, запад и север ги има истите граници како и за областа воопшто, а на јужната страна таа е одделена со јужниот планински дел на

[3] Археолошка Карта на Р.Македонија, том II, Скопје 1996

областа. Според ова во Малешево се застапени сите форми на релјеф и тоа: планински, ридски, падински рамничарски, клисурен и др.

Малешевската област благодарение на ридско-палнинскиот релјеф и умерено-континенталната клима преставува подрачје со релативно богати шуми во кои најмногу се застапени дабот, буката и борот.

Хидрографските карактеристики на Малешевската област ги сочинуваат двата речни слива на реките Брегалница и Струма, каде покрај нејзините притоки со постојан водостој, има и суводолици кои во летниот период пресушуваат.[4] Како дел од хидрографијата на Малешево претставува и Беровското Езеро кое всушност е вештачко езеро со бетонска брана.

Во границите на Малешевијата досега се констатирани 106 археолошки локалитети: **Бреза** – Берово (доцноантичко време), **Врчвите** – Берово (железно време), **Градиште** – Берово (доцноантичко време), **Долно Градиште (Јабланица)** - Берово (римско време), **Келаклевец** – Берово, **Ковачилница** – Берово (железно и доцноантичко време и среден век), **Ковачилница II** – Берово, **Куќата** – Берово (римско време), **Лаките (Селиште)** – Берово (римско време), **Липако** – Берово (доцноантичко време), **Извор на Брегалница** – Берово, **Пашајлов Преслап** – Берово (доцноантичко време), **Попов Рид** – Берово (доцноантичко време), **Свети Архангел Михаил** – Берово (среден век), **Селца** - Берово (римско време), **Селиште** - Берово (римско време), **Шабанско Гредиште** – Берово (доцноантичко време), **Широк Дол** – Берово (доцноантичко време), **Авлија** – с. Будинарци (римско време), **Градиште** – с. Будинарци (римско време), **Каменица** – с. Будинарци (доцноантичко време), **Лаките** (Селиште) – с. Будинарци, (римско време), **Поповица** – с. Будинарци (железно време), **Присој** – с. Будинарци (доцноантичко време), **Селиште** – с. Будинарци (римско време), **Чука** – с. Будинарци (римско време), **Бараица** – с. Владимирово (неолитско и железно време), **Белов Јурт** – с. Владимирово (средновековна населба), **Градиште** – с. Владимирово (доцноантичко време), **Грамадата** – с. Владимирово (доцноантичко време), **Грамадје** – с. Владимирово (доцноантичко време), **Ѓузелце** – с. Владимирово (доцноантичко време), **Ковачка Чука** – с. Владимирово (среден век), **Материца** – с.

[4] Пошироко на страна 8 од Процена на загрозеноста на општина Пехчево од сите ризици и опаснсоти, Пехчево 2014 година и страна 15 од Процена на загрозеноста на општина Берово од сите ризици и опаснсоти, Берово 2014 година

Владимирово (доцноантичко време), **Могилка** – с. Владимирово (доцноантичко време), **Селото** – с. Владимирово (среден век), **Увашлија** – с. Владимирово (железно време), **Црквиште** – с. Владимирово (доцноантичко време), **Бабини Колиби (Чаплаковски Колиби)** – с. Двориште (доцноантичко време), **Градиште** I и **Градиште II** – с. Двориште (доцноантичко време), **Рабуш** – с. Двориште (доцноантичко време), **Црква** – с. Двориште (доцноантичко време), **Воднико** – с. Мачево (неолитско време), **Градиште** – с. Мачево (доцноантичко време), **Гробишта** – с. Мачево (доцноантичко време), **Караѓузлија** – с. Мачево (римско време), **Кремениште (Селиште)** – с. Мачево (римско време), **Манстир** – с. Мачево (доцноантичко време), **Мачево** – с. Мачево (хеленистичко време), **Мачевски Чуки** – с. Мачево (римско време), **Могила** – с. Мачево (римско време), **Цуцуло** – с. Мачево (римско и доцноантичко време), **Человеко** – с. Мачево (римско време), **Будица** – с. Митрашинци (неолитско време), **Дивидија** – с. Митрашинци (среден век), **Манастир** – с. Митрашинци (доцноантичко време), **Свети Илија** – с. Митрашинци (доцноантичко време), **Селиште** – с. Митрашинци (среден век), **Шумутница** – с. Митрашинци (римско време), **Боро** – с. Негрево (доцноантичко време), **Грамади** – с. Негрево (доцноантичко време), **Калов Дол** – с. Негрево (доцноантичко време), **Бобиште** – с. Панчарево (римско време), **Главица** – с. Панчарево (доцноантичко време), **Градиште** – с. Панчарево (доцноантичко време), **Илина Црква** – с. Панчарево (среден век), **Буковиќ** – Пехчево (доцноантичко време), **Во реката** – Пехчево (доцноантичко време), **Градиште (Манастириште)** – Пехчево (римско време), **Манастир** – Пехчево (доцноантичко време), **Рудиште (Раковец)** – Пехчево (доцноантичко време и среден век), **Селиште** – Пехчево (доцноантичко време), **Градиште (со некропола)** – с. Ратево (доцноантичко време), **Градиште (со црква)** – с. Ратево (доцноантичко време), **Грамади** – с. Ратево (доцноантичко време), **Жизница** – с. Ратево (доцноантичко време), **Манастир** – с. Ратево (доцноантичко време), **Слатина** – с. Ратево (доцноантичко време), **Грамаѓе** – с. Робово (доцноантичко време), **Ормање** – с. Робово (доцноатичко време), **Селиште (Голема Полјана)** – с. Робово, **Ан** – с. Русиново (доцноантичко време), **Градиште** – с. Русиново (доцноантичко време), **Долно Грамаѓе** – с. Русиново (римско и доцноантичко време), **Дунковец** – с. Русиново (римско време), **Могила** – с. Русиново (доцноантичко време), **Петрово Брдо** – с. Русиново (доцноантичко време), **Плачица** – с. Русиново (доцноантичко време), **Терзиевец** – с. Русиново (доцноантичко време), **Црквиште I** и **Црквиште II** – с.

Русиново (доцноантичко време), **Чука** – с. Русиново (доцноантичко време), **Цами Тепе** – с. Русиново (среден век), **Брестови** – с. Смојмирово (доцноантичко време), **Милина Црква** – с. Смојмирово (доцноантичко време), **Селиште** – с. Смојмирово, **Грамадна** – с. Умлена (доцноантичко време), **Могила** – с. Умлена (доцноантичко време), **Орниче** – с. Црник (римско време), **Во селото** – с. Чифлик (доцноантичко време), **Градиште** – с. Чифлик, (железно време и среден век), **Преслап** – с. Чифлик (римско време), **Света Петка** – с. Чифлик (доцноантичко време), **Скалата** – с. Чифлик (доцноантичко време) и **Тумба** – с. Чифлик (римско време).[5]

Поголемиот дел од овие локалитети се со местоположба и локација покрај речни корита, суводолици, ридско-планински возвишенија на зарамнето плато или пак на падини, до брегот на езерото како и во близина на некој шумски појас. Така врз основа на географските карактеристики на Малешевијата и локацијата и местоположбата на археолошките локалитети во неа како потенцијални ризици и опасности кои би ги загрозиле истите се јавуваат поплавите, пожарите, земјотресите и лизгањето на земјиштето.

Како најчеста можна појава во оваа област која би ги загрозила т.е. оштетила археолошките локалитети, означена со висок (трет) степен[6] на ризик претставуваат

[5] Археолошка Карта на Р.Македонија, том II, Скопје 1996 и Трајче Нацев, Антиката во Брегалничкиот басен, Штип, 2013.

[6] Согласно член 6 од Уредбата за Методологојата за изработка на Процената на загрозеноста на безбедноста на Република Македонија од сите ризици и опасности, нејзината содржина и структура, начинот на чување и ажурирање, како и определувањето на субјектите во системот за управување со кризи се одредува степен на загрозеност што означува ризик односно состојба со манифестирани појави на загрозеност од одредена опасност. (Прв степен означува редовна состојба (нема ризик); Втор степен означува низок ризик (редовна состојба со ретко манифестирани појави на загрозеност); Трет степен означува покачен ризик (можен почеток на криза или кризна состојба); Четврт степен означува висок ризик и веројатност за почеток на криза или кризна состојба; Петти степен означува највисок ризик на загрозеност на виталните вредности (создадени услови за прогласување на криза или кризна состојба)

пожарите.[7] Останатите појави на загрозување како што се поплава, земјотрес и лизгање на земјиштето се со понизок, односно втор и прв степен на загрозување што означува дека нивна појава е ретка.[8] Така веројатност на оштетување и уништување на археолошките локалитети е мала или пак воопшто и да ја нема од овие видови на загрозувања.

Исто како Малешевската и Пијанечката област која е сочинета од општините Македонска Каменица и Делчево е претежно ридско-планинско подрачје каде низинските делови се главно застапени по течението на реката Брегалница. Во оваа област спаѓа и Пијанечката Котлина која е со вкупна површина од 189 км². Пијанец претставува област која е опкружена со ридови и планини. Така на исток е заградена со планината Влаина, на север и запад со Осоговските планини, на југоисток со Малешевските планини додека на југ со планините Голак и Обозна. Покрај ридско-планинските овде се среќаваат и други релјефни форми како што се клисури и во помал дел низини.

Умерено-континенталната клима и релјефните карактеристики во Пијанечката област овозможуваат висок процент на обраснато шумско земјиште на кое најзастапена е дабовата, потоа боровата и во помала мера буковата шума.

Најголемата река која поминува низ Пијанечката област е Брегалница. Таа со нејзините притоки, потоците и изворите ја сочинуваат хидрографската мрежа во оваа област. Секако тука се и вештачката акумулација Калиманци како најголем хидролошки објект во Пијанец и браната Лошана. Покрај ова како дел од пијанечката хидрографија спаѓаат и водотеците со помали сливни површини и кратки по должина кои пресушуваат во текот на летниот период.

До денес во Пијанечката област се евидентирани 113 археолошки локалитети од раличен временски период: **Крсто** – с. Бигла (доцноантичко време), **Могила** – с. Бигла (римско време), **Могила (Ано)** – с. Бигла (римско време), **Селиште** – с. Бигла (доцноантичко време), **Селиште** – с. Бигла (римско време), **Стара Река** – с. Бигла (доцноантичко време), **Големо Градиште** – с. Вирче (железно време), **Мало**

[7] Според процената на загрозеноста на општина Берово од сите ризици и опасности, Берово 2014 година и процената на загрозеност на општина Пехчево од сите ризици и опасности, Пехчево 2014 година.
[8] Истото.

Градиште – с. Вирче (римско време), **Прекинато Градиште** – с. Вирче (доцноантичко време), **Турски Гробишта** – с. Вирче (римско време), **Црквиште (на ридот)** – с. Вирче (доцноантичко време), **Црквиште (покрај патот)** – с. Вирче (доцноантичко време), **Чука** – с. Вратиславци (римско време), **Градиште** – с. Габрово (доцноантичко време), **Скокото** – с. Габрово (неолитско време), **Црквиште** – с. Габрово (среден век), **Градиште** – с. Град (хеленистичко и доцноантичко време), **Калиште** – с. Град (доцноантичко време), **Селце** – с. Град (доцноантичко време), **Градиште** – Делчево (доцноантичко време), **Долно Градиште** – Делчево (неолитско време), **Кула** – Делчево (среден век), **Могилка** – Делчево (железно време), **Раново Село** – Делчево (доцноантичко време), **Студена Чешма** – Делчево (римско време), **Чапаница** – Делчево (доцноантичко време), **Чука** – Делчево (неолитско време), **Берова Чешма** – с. Драмче (доцноантичко време), **Врница** – с. Драмче (железно време), **В'чковско Маало** – с. Драмче (доцноантичко време), **Градиште** – с. Драмче (железно време), **Градиште I** – с. Драмче (доцноантичко време), **Градиште II (Присој)** – с. Драмче (римско време), **Јазова Чука** – с. Драмче (железно време), **Бегов Даб** – с. Дулица (доцноантичко време), **Градиште** – с. Дулица (доцноантичко време), **Калата** – с. Дулица (доцноантичко време), **Манастир** – с. Дулица (римско и доцноантичко време), **Селиште (Св. Илија)** – с. Дулица (римско и доцноантичко време), **Ќерамидница** – с. Дулица (доцноантичко време), **Црква** – с. Дулица (доцноантичко време), **Амам** – с. Sвегор (римско време), **Големо Градиште** – с. Sвегор (доцноатичко време), **Илина Црква** – с. Sвегор (доцноантичко време), **Мало Градиште** – с. Sвегор (доцноантичко време), **Петрова Могила** – с. Sвегор (римско време), **Боришко маало** – с. Илиево (среден век), **Гробишта** – с. Илиево (доцноантичко време), **Говедарник** – Каменица (доцноантичко време), **Гробишта** – Каменица (доцноантичко време), **Попова Глава** – Каменица (доцноантичко време), **Стари Гробишта** – Каменица (среден век), **Црква** – Каменица (римско време), **Чукарче** – Каменица (железно време), **Богословец** – с. Кеселица (доцноантичко време), **Дупките** – с. Кеселица (римско време), **Могилка** – с. Кеселица (доцноантичко време), **Пештера** – с. Кеселица (неолитско време), **Чукутин Дол** – с. Кеселица (римско време), **Дервен** – с. Косово Дабје (среден век), **Драндовица** – с. Косово Дабје (доцноантичко време), **Могила (Дервен)** – с. Косово Дабје (римско време), **Јачков Рид (Селиште)** – с. Костин Дол (неолитско и римско време), **Селиште** – с. Костин Дол (римско и доцноантичко време), **Чукар** – с. Костин Дол (неолитско и доцноантичко време), **Градиште** – с. Косевица (доцноантичко време), **Гробишта**

(Селиште) – с. Косевица (римско и доцноантичко време), **Кукли (Чукли)** – с. Косевица (доцножелезно време), **Ѓурѓина Ливада** – с. Луковица (железно, римско и доцноантичко време), **Могили** – с. Луковица (римско време), **Градиште** – с. Моштица (доцноантичко време), **Грамадје** – с. Моштица (доцноантичко време и среден век), **Кладенци** – с. Моштица (доцноантичко време), **Павлин Дол** – с. Моштица (доцноантичко време), **Полицеј** – с. Моштица (доцноантичко време), **Равниште** – с. Моштица (железно време), **Станков Дол** – с. Моштица (железно време), **Ќерамидарка** – с. Нов Истевник (доцноантичко време), **Врница** – с. Очипале (римско време), **Јурто** – с. Очипале (доцноантичко време), **Пресечен Камен (Градиште)** – с. Очипале (доцноантичко време), **Топчин Могила** – с. Очипале (римско време), **Чукарче** – с. Очипале (доцноантичко време), **Градиште** – с. Разловци (доцноантичко време), **Грнчарица** – с. Разловци (римско време), **Гробишта** – с. Разловци (доцноантичко време), **Ошљан Град** – с. Разловци (доцноантичко време), **Селиште** – с. Разловци (римско време), **Балташтица** – с. Саса (среден век), **Градиште** – с. Саса (доцноантичко време), **Јагодинска Река** – с. Саса (среден век), **Конарник** – с. Саса (доцноантичко време), **Мадем** – с. Саса (среден век), **Манастириште** – с. Саса (среден век), **Петрова Река** – с. Саса (среден век), **Свиња Река** – с. Саса (среден век), **Ќеровица** – с. Саса (доцноантичко време), **Кадин Чифлик** – с. Селник (доцноантичко време), **Кукул** – с. Стамер (римско време), **Браниград (Ѓурова Црква)** – с. Стар Истевник (доцноантичко време), **Грамаѓе** – с. Стар Истевник (римско и доцноантичко време), **Даутов Чукар** – с. Стар Истевник (доцноантичко време), **Пресечник** – Тодоровци (железно време), **Асанова Лака** – с. Тработивиште (доцноантичко време), **Градиште** – с. Тработивиште (римско време), **Градиште (Голак)** – с. Тработивиште (доцноантичко време), **Крастати Камен (Слатина)** – с. Тработивиште (римско време), **Широчица** – с. Тработивиште (доцноантичко време), **Ширините** – с. Турија (доцноантичко време), **Бела Река** – с. Црквенец (доцноантичко време), **Ѓурѓева Црква** – с. Црквенец (доцноантичко време и среден век), **Могила** – с. Црквенец (римско време) и **Петрушевец** – с. Чифлик (римско време).[9]

Во Пијанечко најголемиот дел од археолошките наоѓалишта се покрај речните корита, во близина на вештачкото езеро Калиманци, на ридски возвишенија или пак во

[9] Археолошка Карта на Р.Македонија, том II, Скопје 1996 и Трајче Нацев, Антиката во Брегалничкиот басен, Штип, 2013.

близина на шуми. И во оваа област врз основа на локацијата на локалитетите и географските карактеристики на околината во која се наоѓаат тие како потенцијални ризици и опасности кои би го загрозиле нивното постоење се јавуваат пожарите, поплавите, лизгањето на земјиште и земјотресите.

Загрозеноста од пожари врз археолошките локалитети во Пијанечката област е од втор степен.[10] Тоа воглавно претставува и низок ризик на опасност врз наоѓалиштата што значи и помала веројатност на нивно уништување и оштетување од ваквиот вид на загрозување. Со ист степен на загрозеност врз археолошките наоѓалишта се и поплавите кои на некои места во областа се карактеризираат и со прв степен.[11] Ова значи дека појавата на поплави кои би предизвикале уништување или оштетување на наоѓалиштата во областа е ретка или пак ја нема. Загрозеност од останатите опасности (земјотреси и лизгање на земјиште) врз археолошките локалитети во Пијанец и да нема бидејќи се карактеризира со прв степен, што значи дека нема ризик од нивно оштетување или уништување.[12]

Релјефот на Виничката област која всушност ја зафаќа територијата на општина Виница се карактеризира со Плачковица на југ, Осоговските Планини на север, Кочанската котлина на запад и планините Обозна и Голак на исток со што го зафаќа југоисточниот дел до Виничко-Кочанската котлина. Како резултат на ова во Виничката област е присутен ридско-планинскиот и низинскиот тип на релјеф.

Ридско-планинските делови од областа се богати со шуми од кои најзастапени се буката, дабот и борот. Климата во Виничко е континентално – субмедитеранска како резултат на положбата на областа помеѓу двете грамадни маси: Осоговските планини и Плачковица, како и конфигурацијата на самата Виничко-Кочанска котлина, која што е широко отворена кон запад а од сите други страни е оградена со високи планини.

Реката Брегалница која е најголема и најзначајна во која се влеваат сите други реки и потоци во Виничко, заедно со останатите извори, суводолици,

[10] Според процената на загрозеноста на општина Делчево од сите ризици и опасности, Делчево 2014 година и процената на загрозеност на општина Македонска Каменица од сите ризици и опасности, Делчево 2014 година.
[11] Истото.
[12] Исто.

хидромелиоративниот систем „Брегалница„ и хидроакумулационата брана „Калиманци„ ја сочинуваат хидрографијата на оваа област.

Досега во Виничката област се забележани околу 99 археолошки локалитети: **Грамади** – с. Блатец (римско време), **Ирин Дол** – с. Блатец (римско време), **Калајџиево** – с. Блатец (римско време), **Кале** – с. Блатец (римско време), **Мојмија** – с. Блатец (железно и доцноантичко време), **Рачи Брдо** – с. Блатец (римско време), **Света Недела** – с. Блатец (римско време), **Селиште** – с. Блатец (римско време), **Црквиште** – с. Блатец (доцноримско време), **Чуката** – с. Блатец (римско време), **Виница** – Виница (среден век), **Виница (Пазариште)** – Виница (римско време), **Виничко Кале** – Виница (доцноантичко време), **Горица** – Виница (доцноантичко време), **Грамади** – Виница (римско време) **Ила** – Виница (железно време), **Калајџиево** – Виница (римско време) **Барбашки Дол** – с. Виничка Кршла (железно време), **Вршник** – с. Виничка Кршла (римско време), **Градиште 1** – с. Виничка Кршла (железно време), **Градиште 2** – с. Виничка Кршла (железно и доцноантичко време), **Ѓафурски Лозја** – с. Виничка Кршла (римско време), **Кршлански Гумења** – с. Виничка Кршла (железно време), **Могила** – с. Виничка Кршла (римско време), **Русалски Гробишта** – с. Виничка Кршла (железно време), **Сушица (Бавчи)** – с. Виничка Кршла (римско време), **Бедеш** – с. Градец (среден век), **Виничка Река** – с. Градец (доцноантичко време), **Градец** – с. Градец (среден век), **Градиште** – с. Градец (доцноантичко време), **Клисе Баир** – с. Градец (римско време), **Лисец** – с. Градец, **Самовилец** – с. Грљани (доцноантичко време) **Белтечке Маало** – с. Драгобрашта (доцноантичко време), **Вршник** – с. Драгобрашта (доцноантичко време), **Драгобрашко Градиште** – с. Драгобрашта (римско време), **Манастир** – с. Драгобрашта (среден век), **Свети Спас** – с. Драгобрашта (доцноантичко време), **Селиште** – с. Драгобрашта (доцноантичко време), **Црвено Брдо** – с. Драгобрашта (римско време), **Бадем Баир** – с. Истибања (римско време), **Баревка** – с. Истибања (римско време), **Кале** – с. Истибања (доцноантичко време), **Превалец** – с. Истибања (железно време), **Раклеви Бавчи** – с. Истибања (римско време), **Селиште** – с. Истибања (римско време), **Слатина (Горица)** – с. Истибања (римско време), **Турски гробишта** – с. Истибања (римско време), **Црквиште** – с. Истибања, **Амбарица** – с. Јакимово (римско време), **Блатечки пат** – с. Јакимово (римско време), **Купелот** – с. Јакимово (римско време), **Селски гробишта** – с. Јакимово (среден век), **Ќерамидница** – с. Јакимово (доцноантичко време), **Велогат** – с. Калиманци (доцноантичко време),

Виничка Скала – с. Калиманци (доцноантичко време), **Горица** – с. Калиманци (римско време), **Манастириште (Студењак)** – с. Калиманци (римско време), **Остовец** – с. Калиманци (среден век), **Русалски Гробишта** – с. Калиманци (железно време), **Студењак** – с. Калиманци (доцноантичко време), **Царевец** – с. Калиманци (римско време), **Цинцов Рид** – с. Калиманци (римско време), **Дефово Градиште** – с. Крушево (доцноантичко време), **Анциски Валови** – с. Лаки (среден век), **Бигланско Градиште** – с. Лаки (доцноантичко време), **Градиште** – с. Лаки (доцноантичко време), **Грамади** – с. Лаки (доцноантичко време), **Манастирот** – с. Лаки (среден век), **Могила** – с. Лаки (железно време), **Сејменски Преслап** – с. Лаки (среден век), **Стара Кула** – с. Лаки (доцноантичко време), **Црквата** – с. Лаки (среден век), **Црквиште** – с. Лаки (среден век), **Ореово** – с. Лески (римско време**), Св. Атанас** – с. Лески (римско време и среден век), **Свети Јован Опсеча** – с. Лески (среден век), **Бели** – с. Липец (римско време), **Градиште** – с. Липец (доцноантичко време), **Иловица** – с. Липец (римско време), **Свети Спас** – с. Липец (римско време), **Црквенец** – с. Липец (римско време), **Чукарки** – с. Липец (железно време), **Долови** – с. Пекљани (римско време), **Колник** – с. Пекљани (доцноантичко време), **Рашка** – с. Пекљани (римско време), **Саботините Гробишта** – с. Пекљани (доцноантичко време), **Студен Кладенец** – с. Пекљани (римско време), **Сушица (Дуброво)** – с. Пекљани (римско време), **Црквиште** – с. Пекљани (доцноантичко време), **Почивало** – с. Троино (доцноантичко време и среден век), **Дебоки Дол** – с. Трсино (доцноантичко време), **Манастирски дол** – с. Трсино (доцноантичко време), **Прибен** – с. Трсино (доцноантичко време), **Трсино** – с. Трсино (римско време), **Црквиште** – с. Трсино (среден век), **Селимови Ниви** – с. Црн Камен (доцноантичко време) и **Селски гробишта** – с. Трсино (среден век).[13]

Како во претходните две области така и во Виничката археолошките локалитети се лоцирани односно се наоѓаат покрај речни корита и суводолици, брегот на акумулацијата Калиманци, пошумени места и ридски возвишенија. Самата местоположбата и природното опкружување на овие наоѓалишта придонесува да бидат изложени на оштетување или уништување од појава на потенцијални ризици и опасности како што се пожари, поплави, земјотреси и лизгање на земјиште.

[13] Археолошка Карта на Р.Македонија, том II, Скопје 1996 и Трајче Нацев, Антиката во Брегалничкиот басен, Штип, 2013.

Сите овие ризици и опасности во Виничката област се со втор степен на загрозеност.[14] Тоа подразбира дека постои мал ризик на оштетување или уништување на археолошките локалитети бидејќи појавите на поплави, пожари, лизгање на земјиште и земјотрес се ретко манифестирани.

Резиме

Одредувањето на потенцијалните ризици и опасности како и нивниот степен на загрозување врз археолошките локалитети во горниот тек на реката Брегалница е од стратешко значење за истите. Така со квантитативна и квалитативна анализа за профилот на потенцијалните опасности и елементите на ризик врз локалитетите ќе се придонесе до нивно спречување од унишување и оштетување.

Кон сето ова додавајќи ги и капацитетите, комуникацијата и координацијата со субјектите од културата, заштитата и спасувањето, управувањето со кризи и др. кои се инволвирани во оваа проблематика, со одговорно и ефикасно спроведување на потребните мерки за превенција и справување со проценетите ризици и опасности ќе се овозможи поефикасна заштита и спасување на археолошките локалитети во случај на појава од истите.

[14] Според процената на загрозеноста на општина Виница од сите ризици и опасности, Виница 2014 година